Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општината Бутел, на 4-тата седница одржана на ден 06.07.2005 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на надоместок за градежно неизградено земјиште

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за градежно неизградено земјиште во населените места во Општината Бутел.

### Член 2

Надоместокот од член 1 на оваа Одлука го плаќа непосредниот корисник на земјиштето.

Како непосреден корисник во смисла на став 1 на овој член, се смета носител на правото на користење на недвижностите и сопственикот.

### Член 3

Висината на надоместокот зависи од видот на објектот за кој се плаќа надоместокот.

**I. Индивидуални станбени објекти**

За нови станбени објекти се плаќа за 1м$^2$ нето развиена површина на приземјето и спратовите по 2,5 евра.

**II. Објекти за мало стопанство со становање**

За објекти како што се продавници, магацини, дисконти, гостилници, слаткарници, банки, менувачници, мали производни објекти и други објекти за промет, надоместокот за градежно земјиште ќе изнесува за 1 м$^2$, нето развиена површина по 3,07 евра.

**III. Индустриско стопански објекти**

За индустриско - стопански објекти како што се занаетчиски, производни, помошни згради во индустријата и стопанството, сообраќајни, земјоделски хали и магацини, механички работилници, откупни станици, сервиси, и за други објекти во стопанските дворови и фабричките кругови,

надоместокот за градежното земјиште ќе изнесува за 1м$^2$ нето развиена површина по 3,59 евра.

## IV. Викендици и викенд населби

За нови викенд куќи во и надвор од викенд населби се плаќа за 1м$^2$ нето развиена површина по 5 евра.

## V. За јавни објекти

Јавните објекти како што се училиштата, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, аптеки и друго), објекти од областа на културата и уметноста, шумарство, градежништво и друго, ќе бидат ослободени од обврската за надоместок, доколку се ослободени со закон, во спротивно надоместокот ќе изнесува по 5 евра.

Член 4

За вклопување на бесправно изградени објекти до 2005 година, за кои може да се издаде легална документација ќе се плаќа истиот надоместок како и за нови објекти.

Член 5

При изградба на нови објекти за кои претходно треба да се срушат стари објекти од површината која е предмет на наплата на надоместокот за градежно земјиште, се одбива површината на постојниот објект со тоа миималното учество во надоместокот за уредување не може да биде помал од 50%.

Инвеститорите на објектот доколку бараат да добијат ново решение за услови за градба, доградба и надградба со кое инвеститорот се здобива со нов станбен или деловен простор, плаќаат надоместок за градежно земјиште.

Сите претходно наведени суми се плаќаат во денарска противвредност по курсот на Народна банка на Македонија на денот на уплатата.

Член 6

Средствата што ќе се прибираат од надоместокот на градежното земјиште се приход на Општината Бутел, а ќе се употребуваат за изградба и одржување на инфраструктурни и комунални објекти во населените места за кои се плаќа таквиот надоместок.

Физичките и правни лица, сопственици на станбени згради, станови, деловни простории, приватни фирми и јавни претпријатија, како и самостојни дуќани и институции, надоместокот го плаќаат врз основа на напревената пресметка.

Меѓусебните права и обврски за надоместокот на градежното земјиште врз основа на решението за доделување на земјиште, решението за локацијата и решението за урбанистичката согласност на проектот издаден од надлежните органи се уредува со договор, склучен помеѓу инвеститорот и Општината Бутел.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за градежно земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

Член 7

Пресметувањето на корисната станбена површина ќе се врши според Нормите за пресметување корисна (нето) површина.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на град Скопје".

Број 07-308
од 08.07. 2005 година
Скопје

Претседател,
на Советот на Општината Бутел
Агим Јусуфи

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ